Од Гувернер → Вики Пачг. на Јанче Лековски

До Гувернер на Народна Банка на Република Северна Македонија, Анита Ангеловски-Бежоска

Барање на информации

Почитувана,
Врз основа на законот за слободен пристап до информаци од јавен карактер барам да ми овозможите пристап, увид и копии од комплетното досието на Еуростандар банка ад Скопје со кое располага Народна Банка на Република Северна Македонија.

Скопје 21.08.2020 год.

За побрза комуникација мојот контакт телефон е Адреса за контакт:

Барател,

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
21-08-2020
02 20864/1

Врз основа на член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), на 9 септември 2020 година, секретарот на банката како службено лице за посредување со информации од јавен карактер, донесе

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОДБИВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 02-20864/1 од 21.08.2020 година, поднесено од .

## Образложение

На 21 август 2020 година, од страна на лицето од Скопје, доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено во Народната банка под број 02-20864/1. Со барањето, барателот бара да му бидат овозможени пристап, увид и копии од комплетното досие на „Еуростандард банка АД Скопје во стечај".

Имајќи го предвид фактот дека информациите за „Еуростандард банка АД Скопје во стечај" не се јавни информации, односно истите не се дел од листата на јавни информации кај Народната банка како имател на информации, барањето за пристап до информации од јавен карактер се одбива.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-20864/2
9 септември 2020 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SHKUP · СКОПЈЕ

**Правна поука**: Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа)
Факс: 02 3108-357 (Централа)
www.nbrm.mk